ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
# И
# РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2022 03 01/1

**Скопје, декември 2023 година**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за одбрана на сметката на основниот буџет (637) за 2022 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2022 година изразивме неповолно мислење за вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерството за 2017 година. Изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е проверка на спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година, број 10-229/10 од 06.05.2019 година, со преглед за статусот на спроведувањето на препораките.

Со извршената ревизија на Министерството ги констатиравме следниве состојби:

- вредноста на постојаните средства во финансиските извештаи не е реална, од причина што набавените средства по 1999 година не се евидентирани во финансиската евиденција на Министерството;
- не е воспоставена финансиска евиденција на набавката и трошењето на залихата на материјали, резервни делови и ситен инвентар;
- иако е поминат период од две години од надградбата на модулот за материјална евиденција на постојаните средства, не се преземи активности за негово ставање во употреба;
- обврските кон добавувачите не се целосно прикажани во финансиските извештаи;
- не е обезбедена целокупна документација за недвижниот имот купен за сместување на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел;
- имајќи ги предвид обемот на работа, хетерогениот карактер на трансакциите, специфичната природа на функционирање, Министерството нема донесено сметководствени политики за изготвување, презентирање и обелоденување на финансиските извештаи;
- пописот на средствата и обврските не е целосно извршен и не е извршено усогласување на фактичката состојба со нивната сметководствена вредност;
- ненавремено распоредување на воен и цивилен персонал на служба во Армијата согласно организациските промени, во предвидениот законски рок од 60 дена;
- несоодветна кадровската екипираност на одделението за внатрешна ревизија;

- Министерството нема обезбедено чување и заштита на движни и недвижните ствари, преку осигурување на имотот од причина што нема податоци за нивната вредност и
- во постапките за јавни набавки и реализацијата на склучените договори, констатиравме состојби кои не се во согласност со законската регулатива.

Со цел надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ги истакнуваме следниве состојби:

- интензивирање на соработката помеѓу Министерството и економскиот оператор за изработка на ново софтверско решение за пресметка на плати, чиј рок за имплементација е декември 2023 година;
- поведени се судски постапки од вработени лица по основ на неисплатени надоместоци од работен однос утврдени во Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија и во Колективниот договор;
- постапување по одлука на Владата за откажување од наплата на побарувања од вработени лица во Министерството, утврдени со судски одлуки и
- континуиран пораст на буџетот на Министерството за исполнување на обврските на државата како полноправна членка на НАТО, кој потребно е да биде минимум 2% од Бруто домашен производ.

Во делот на Останати прашања ги истакнуваме следниве состојби:

- продолжување на активностите за носење на Законот за вработените во Министерството за одбрана со цел постигнување усогласеност во управувањето со човечките ресурси и работните процеси во одбраната со стандардите на земјите членки на НАТО;
- доставување на Предлог измените и дополнувањата на Закон за пожарникарство до Владата за продолжување на постапката на негово донесување;
- продолжување на постапката во Собранието за донесување на статутот на Воената академија, усогласен со одредбите од Законот за високото образование и
- не е отпочната имплементација на Законот за основање на универзитет за национална одбрана, безбедност и мир "Дамјан Груев" во Скопје, донесен 2016 година.

Од страна на одговорното лице на Министерството за одбрана доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои се разгледани и оценето е дека една забелешка преставуваат известување за активностите кои се преземени од страна на Министерството за одбрана за надминување на утврдената состојба, една забелешка се прифаќа поради доставени дополнителни докази и една забелешка не се прифаќа.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 9 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 19 |
| 5. Останати прашања | 24 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 27 |
| 7. Опфат и ограничувања | 28 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 28 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 28 |
| 10. Недостатоци во внатрешната контрола | 30 |
| 11. Одговор на ревидираниот субјект | 300 |
| 12. Финансиски извештаи за 2022 | |
| Биланс на приходи и расходи | 32 |
| Биланс на состојба | 33 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 34 |
| 13. Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 35 |
| Сметководствени политики | 38 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 39 |

14. Прилог 1 - Преглед на склучени се договори за реконструкција, реновирање, санација, адаптација на објекти, со лиценца Б

15. Прилог 2 - Преглед на склучени се договори за реконструкција, реновирање, санација, адаптација на објекти, со Динамичен план за изведување на работи

16. Прилог 3 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

17. Прилог 4 - Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| БДП | Бруто домашен производ |
| Буџет | Буџет на Република Северна Македонија |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| Министерство | Министерство за одбрана |
| НАТО | Северно-атлантска договорна организација |
| Собрание | Собрание на Република Северна Македонија |

## Поимник

| | |
|---|---|
| Северно-атлантска договорна организација (НАТО) | Северно Атлантската Организација која е една од најглавните светски меѓународни институции, составена од 30 земји членки од Европа и Северна Америка. Овие земји се состануваат да соработуваат во полето на безбедноста и одбраната. Во тој поглед, НАТО обезбедува уникатна врска помеѓу овие два континенти за политичка и безбедносна соработка. |
| Акт за формација на Армијата | Организацијата на единиците, командите, штабовите и установите, како и нивната големина, структура, број, состав и намена се пропишуваат со актот за организација и формација на Армијата, донесен од Претседателот на државата. |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број: 11-201/16**
**Дата: 11.12.2023**

## 1. Вовед

Министерството за одбрана на Република Северна Македонија е орган на државната управа, задолжено за вршење на функциите на државната управа, утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа[1], кој ги врши работите кои се однесуваат на остварувањето на системот на одбраната на независноста и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија, планирањето, организацијата, опремувањето, развојот и подготвувањето на Армијата на Република Северна Македонија и спроведувањето на утврдените планови, организирањето и подготвувањето за одбрана, организирањето и спроведување на обуката за одбрана, надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

Министерството за одбрана е надлежно и одговорно за ефективно функционирање на националниот одбранбен систем, сеопфатна поддршка на Армијата на Република Северна Македонија, стратегиско одбранбено планирање, ефикасно управување со одбранбените ресурси, развој на воените способности за спроведување на одбранбените мисии, меѓународна одбранбена соработка, интеграција во НАТО, учество во Европската безбедносна и одбранбена политика и континуиран придонес во меѓународни операции.

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19 и 110/19

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи од страна 32 до 34 на Министерството за одбрана, на сметката на основен буџет (637), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи и
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за одбрана за 2022 година на сметката на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за одбрана на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (637) како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за одбрана, за 2022 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Во Конечните ревизорски извешти на Овластениот државен ревизор за извршени ревизии на Министерството за 2011, 2013 и 2017 година констатирани се состојби во однос на постојаните средства за кои дадени се препораки за нивно надминување, но истите сеуште не се променети и во 2022 година.

Имено, во финансиската евиденција постојаните средства имаат сегашна вредност од 1.422.999.880 илјади денари, и тоа:

- земјиште во износ од 12.139.398 илјади денари,
- шуми износ од 232.500 илјади денари,
- градежни објекти во износ од 1.410.613.557 илјади денари и
- опрема во износ од 14.425 илјади денари,

која состојбата е непроменета и идентична со состојбата од 1999 година.

**Земјиште и градежни објекти**

Министерството има воспоставено **материјална евиденција** за земјиштето и градежните објекти, како Евидентна книга на недвижни ствари, која содржи податоци од имотните листи (површина, локација, намена и слично), но без утврдени вредности за секоја парцела односно за секој објект. Исто така утврдивме дека набавените постојани средства по 1999 година се евидентираат во материјалната евиденција само количински, не се евидентирани во финансиската евиденција на Министерството и истите не се искажани во финансиските извештаи на Министерството.

За земјиштето и градежните објекти ги констатиравме следните состојби:

- по дадена препорака од Овластениот државен ревизор за вршење на проценка на недвижниот имот согласно Законот за процена[2], во октомври 2019 година Министерството до Бирото за судски вештачења има доставено Барање[3] за процена на вредноста на објектите кои ги користи. Во прилог на барањето доставен е План за проценка на недвижен имот со динамика за реализација на активностите во период од 2019 до 2022 година.

  Утврдивме дека од страна на Бирото за судски вештачења не е постапено во целост по барањето на Министерството и извршена е проценка само на дел од градежните објекти кои се даваат под закуп. Имајќи предвид дека вредноста на сите евидентирани градежни објекти изнесува 1.410.613.557 илјади денари, а проценетата вредност само на градежните објекти издадени под закуп изнесува 2.273.270 илјади денари, евидентно станува збор за големи разлики помеѓу фактичката односно реалната вредност на градежните објекти на

[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16

[3] Број 19/2-25/58 од 24.10.2019 година

Министерството и евидентираната вредност во сметководствената евиденција,

- во текот на 2022 година, Владата има донесено 6 (шест) Одлуки за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството, истите се евидентирани во материјалната евиденција - Евидентната книга на недвижен имот, но не и во финансиската евиденција, поради отсуство на податоци за нивната вредност,
- основна цел на потпрограма 5Б - Изградба и реконструкција на објекти и инфраструктура е подобрување на условите за функционирање и извршување на работните задачи на Министерството и Армијата.

За период од 2019 до 2022 година одобрени се буџетски средства во износ од 781.200 илјади денари, прикажани по години во Графикон број 1:




Графикон број 1: Одобрени и реализирани средства по подпрограма БА-Изградба и реконструкција на објекти и инфраструктура

Утврдивме дека реализираните средства во износ од 774.876 илјади денари или 12,5 милиони евра, исплатени само преку оваа потпрограма на Министерството, со кои се зголемува вредноста на објектите и инфраструктурата во државата и се подобрува нивната функционалност, прикажани се само како капитални расходи, но не се прикажани и како зголемување на вредноста на постојаните средства.

Со ваквиот начин на евидентирање не се врши зголемување на вредноста на земјиштето и зградите, што има за ефект Министерството да нема комплетни податоци за имотот кој го користи и е сопственост на државата.

**Опрема**

Состојбата во однос на евиденцијата на опремата со која располага Министерството и Армијата, констатирана во ревизорските извештаи од минати години и во 2022 година сеуште не е надмината односно:

- не е воспоставена финансиска евиденција на **опремата** и истата во материјалната евиденција се евидентира само количински, но не и вредносно,
- за набавка, ремонт и модернизација на разна опрема преку подпрограмите ВА-Интеграција во НАТО и 1А–Модернизација на Министерството за периодот од 2019 до 2022 година, одобрени се средства во вкупен износ од 7.204.859 илјади денари односно 117 милиони евра (подпрограма ВА-Интеграција во НАТО износ од 7.118.079 илјади денари и подпрограмата 1А-Модернизација на Министерството, износ од 86.780 илјади денари, од кои во 2022 година износ од 231.436 илјади денари). Утврдивме дека за наведениот износ не е извршено зголемување на вредноста на опремата со која располага Министерството и реализираните средства се прикажани само како капитални расходи.

Поради воспоставениот начин на евидентирање на опремата Министерството не располага со интегрирани, целосни податоци за опремата со која располага, при тоа имајќи предвид дека станува збор за стратешка опрема односно вооружување и опрема за копнената војска, военото воздухопловство, опрема за потребите на логистиката, како и борбени, неборбени и лесни возила.

Утврдените состојби во однос на начинот на евиденција на земјиштето, зградите и опремата не се во согласност со член 4 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[4], каде е уредено дека буџетите и буџетските корисници се должни во своето сметководство да обезбедат податоци за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата, што има за ефект нереално искажани податоци за постојаните средства и капиталот со кои располага Министерството во деловните книги и во финансиските извештаи како и немање информации и податоци за вредноста и целосноста на имотот со кој располага Министерството и Армијата односно државата.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за:

- целосно утврдување на вредноста на постојаните средства,
- евидентирање на постојаните средства во материјалната и финансиската евиденција и
- прикажување на постојаните средства во финансиските извештаи на Министерството.

[4] „Службен весник на Република Македонија" број 61/02, 98/02, 81/05, 24/11 , 145/15 и 170/17

**Залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар**

3.1.2. Во текот на 2022 година во Министерството извршена е набавка на материјали, резервни делови и ситен инвентар во вкупен износ од 266.216 илјади денари и тоа за униформи за Армијата, прехранбени продукти, лекови и медицински материјали, материјали за поправки и одржување, ситен инвентар, резервни делови и други материјали, за кои Министерството нема искажано податоци за вредноста на набавките, потрошокот ниту податоци за вредноста на нивната залиха на крајот на година.

Во однос на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар ги утврдивме следните состојби:

- Министерството нема изготвено сметководствени политики за начинот на евидентирање и искажување на залихите како и утврдување на метод врз основа на кој ќе се вреднуваат истите, пропишано со точка 1.3, потточки 1.3.1, 1.3.33, и 1.3.34 од Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа;
- воспоставената материјална евиденција на залихите на материјали набавени за потребите на Министерството и Армијата содржи податоци за количината на материјалите, локацијата каде истите се наоѓаат и лица задолжени за користење, без податоци за нивната вредност, додека финансиската евиденција на набавките и трошењето на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар воопшто не е воспоставена и
- овластениот државен ревизор во ревизорските извештаи од минати години извести за активностите кои Министерството ги преземало за пренесување на материјалното сметководство на софтвер – Логистички информациски систем (ЛИС), кој по својата концепција требало да претставува софтверска апликација со податоци во однос на долгорочното, среднорочното и годишното планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Министерството и Армијата, со можности за добивање различни анализи и показатели.

  Иако во периодот од 2011 година реализирани се голем број на активности во насока на дизајнирање и имплементирање на ЛИС системот, утврдивме дека истиот не се применува.

Ваквиот начин на евиденција на залихите на материјалите не е во согласност со член 6 став 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, каде е уредено дека деловните книги треба да обезбедуваат согледувања за состојбата и за движењата на средствата, обврските, изворите на средствата, приходите и другите приливи, за расходите и другите одливи и резултатот од работењето, поради што во финансиските извештаи не се искажани податоци за износот на набавените, потрошените и за залихите на крајот на годината.

**Препорака:**

Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за:

- усвојување на политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите во сметководствената евиденција и
- целосно евидентирање на залихите со вредносни параметри во материјалната и финансиската евиденција и нивно прикажување во финансиските извештаи.

**Софтвер за материјална евиденција**

3.1.3. Материјалната евиденција на постојаните средства и материјалите на Министерството и Армијата се води во софтверска апликацијата за евиденција, која содржи податоци за количината на средствата и материјалите, локацијата каде истите се наоѓаат, без податоци за нивната вредност. Од оваа евиденција се издаваат „листи“ со податоци за состојба/количина на постојаните средства за секоја поодделна организациона единица во Министерството и Армијата, според кои се врши пописот и се утврдуваат разлики (кусоци/вишоци). Апликацијата која се користи не е надградена подолго време и не нуди можности за добивање историски податоци за набавката и потрошувачка на конкретно средство или материјал, туку само за состојбата под одредена дата.

Од страна на овластениот државен ревизор во извршените ревизии во минати години, дадени се препораки за утврдување на вредноста на средствата како и проценка на можноста за надградба на апликацијата за материјална евиденција на средствата со вредносни параметри.

И покрај тоа што Министерството нема извршено проценка на постојаните средства и материјалите со кои располага, во март 2021 година склучува договор[5] за јавна набавка за надградба на модулот за материјално работење во износ од 472 илјади денари, со што треба да се овозможи внесување на вредносни показатели на сите средства. Квалитативно-квантитативен прием[6] на надградбата на модулот за материјално работење е извршен на 24.03.2022 година, но до денот на вршење на ревизијата истиот сеуште не е ставен во функција.

Причините за неговата нефункционалност се наведени и во Извештајот за реализирани работни активности[7], изработен од лицето задолжено за следење на реализација на договорот, каде е посочено дека Министерството треба да преземе повеќе активности меѓу кои вреднување на средствата од минати години, нивна поделба на долгорочни и краткорочни средства, за да надградената верзија биде ставена во продукција односно во употреба.

Истакнуваме дека од набавката на услугите за надградба на модулот за материјална евиденција на постојаните средства иако е поминат подолг временски

[5] Договор за јавна набавка на услуги – адаптивно и превентивно одржување на софтверски пакет направено да работи број 18/3-122/10 од 17.03.2021 година
[6] Записник број 05-33/334 од 24.03.2022 година
[7] број 20-2128/2 од 23.03.2022 година

период, повеќе од две години, сеуште не се преземи активности за негово ставање во употреба.
Наведената состојба укажува дека набавката на модулот е извршена без обезбедени предуслови за негова примена, што не овозможува финансиско евидентирање на постојаните средствата и залихите, што не е во согласност со член 18 од Правилникот за сметководството на буџетот и буџетските корисници каде е уреден начинот на нивно евидентирање и има за ефект податоците за средствата на Министерството во финансиските извештаи да не се реални и објективни.

Истакнуваме дека од месец мај 2022 година, започнати се активности за утврдување на вредноста на средствата набавени во последните пет години, која активност сеуште трае.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да продолжат со активности за целосно софтверско евидентирање на материјалните средства и залихи со вредносни параметри.

3.1.4. Министерството на ден 31.12.2022 година има искажано обврски кон добавувачи во износ од 62.125 илјади денари. Со увид во сметководствената евиденција и применети ревизорски техники утврдивме дека во месец јануари 2023 година, искажани се обврски во износ од 28.619 илјади денари, кои се настанати и се однесуваат за 2022 година, поради што обврските на крајот на годината се искажани за 31,5% помалку во однос на реално настаните, во вкупен износ од 90.744 илјади денари.
Причина е воспоставениот начин на сметководствено евидентирање на обврските во моментот на нивното плаќање, а не во периодот на настанување, што не е во согласност со член 7 во Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, каде е уредено дека податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани, презентирани хронолошки и точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување, што придонесува за нереално прикажување на обврските во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорните лица на министерството да преземат активности за ажурно и навремено евидентирање на обврските во моментот кога истите се преземаат.

3.1.5. Министерството има извршено авансно плаќање во 2019 година во износ од 144.000

илјади денари, по Одлука[8] од Владата за купување на недвижни ствари-деловни простории од Северноатлантската алијанса, во седиштето во Брисел, за сместување на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО[9]. Согласно Одлуката за купување на имотот, Министерството за надворешни работи има преземено активности за купување на недвижните ствари - деловен простор.

На ден 31.01.2022 година Министерството со допис[10] се обратило до Министерството за надворешни работи со барање на доставување на имотно правна документација за купениот недвижен имот, со цел соодветно евидентирање (раздолжување) на исплатениот аванс во деловните книги на Министерството. До денот на вршење на ревизијата не е доставена потребната документација.

Наведената состојба не е во согласност со член 37-в став 3 од Законот за буџетите каде е уредено дека секој расход и одлив од буџетот мора да се заснова на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање, поради што не овозможува целосно потврдување на наменското трошење на средствата.

**Препорака:**

Одговорното лице на Министерството во соработка со Министерството за надворешни работи да преземе дополнителни активности за обезбедување на имотно правна документација за купениот недвижен имот во седиштето на НАТО во Брисел.

### 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Буџетите и буџетските корисници, согласно член 2 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, се должни да водат сметководство, да составуваат и поднесуваат финансиски извештаи во согласност со овој закон и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди, со цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, приходите и расходите и резултатите од работењето. Сметководствените стандарди за буџетите и буџетските корисници кои се применуваат во Република Северна Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор, кои се објавени од страна на министерот за финансии. Согласно сметководствените стандарди субјектот треба да има изработено и усвоено сметководствени политики како сет од специфични принципи, основи, конвенции, правила и практики, кои ќе ги користи при

[8] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 232 од 2019 година
[9] Недвижниот имот се однесува на деловен простор во приземјето на долгото крило број 2 на НАТО комплексот, со вкупна бруто површина од 996.37 m2, подрумски простории со површина од 21,33 m2 и 27 паркинг места
[10] Број 14/1-76/8

подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи, со цел обезбедување на квалитетни информации за крајните корисници.

Имајќи ги предвид обемот на работа, хетерогениот карактер на трансакциите, специфичната природа на функционирање, Министерството нема изработено и донесено сметководствени политики со кои ќе се уредат одредени специфичности во работењето. Ваквата состојба не е во согласност со точка 1.3 од Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа[11] и влијае врз квалитетот на информациите презентирани во финансиските извештаи.

Во текот на ревизијата преземени се активности и формирана е работна група[12] за изработка на сметководствени политики на Министерството.

**Препорака:**
Одговорното лице на Министерството да продолжи со започнатите активности за изработка и донесување на сметководствени политики и нивна имплементација при сметководствената евиденција на трансакциите и деловните промени.

3.2.2. Пописот на средствата, побарувањата и обврските во Министерството е извршен од комисии за попис, формирани во секторите, службите и одделенијата за одбрана во регионите во Министерството и командите и единиците на Армијата и од централна пописна комисија.

По спроведениот попис, централната пописна комисија има изготвено Извештај за попис на средствата, побарувањата и обврските во Министерството со состојба на 31.12.2022 година, усвоен од одговорното лице на субјектот.

Со извештаите за извршените ревизии од минати години, овластениот државен ревизор констатирал слабости во однос на извршување на пописот и несогласувањето на фактичката состојба на средствата со сметководствената состојба, и дадени се препораки за надминување на утврдените состојби.

Со увид во пописниот материјал од пописот за 2022 година ревизијата утврди дека констатираните состојбите не се надминати и тоа:

- податоците во пописните листи содржат само натурални показатели, но не и парични вредности, уредено во член 31 став 1 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што се должи на невоспоставена финансиска сметководствена евиденција на постојаните средства и залихите;
- во Извештајот од Централната пописна комисија за спроведениот попис, истакнати се бројни забелешки, констатирани и со претходните годишни

[11] „Службен весник на Република Македонија“ број 116/05
[12] Број 03-3282/1 од 14.09.2023 година

пописи, кои сеуште не се надминати и се однесуваат на нецелосно извршен попис кај дел од организационите единици на Министерството, необновени реверси за издадени материјално-технички средства, кусоци на средства за кои не е поведена постапка за утврдување на одговорност или постапки кои сеуште се во тек и кои се започнати во претходни години, непреземени активности за расходување на застарени и неупотребливи средства;
- од страна на одговорното лице на субјектот, утврдени се активност со цел надминување на констатираните состојби, за што раководителот на секторот за финансии, заклучно со 17.07.2023 година, требало да достави извештај за нивна реализација, по претходно доставени извештаи за преземените активности од Генералштабот на Армијата, организационите единици во Министерството и Воената академија. Истакнуваме дека до денот на вршење на ревизијата наведените извештаи не се изготвени;
- во материјалната сметководствена евиденција на Министерството сеуште се евидентирани средства кои биле предмет на кражби, како и кусоци утврдени со годишните пописи од претходни години;
- Извештајот од извршениот годишен попис за 2022 година е изготвен на ден 20.02.2023 година, поради што актот за негово усвојување од одговорното лице, донесен на 24.02.2023 година е со задоцнување во однос на рокот утврден со член 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно најдоцна дваесет дена пред крајниот рок пропишан за доставување на завршната сметка (08.02) и
- пописот на побарувањата и обврските е спроведен од комисија за попис составена од лица вработени во секторот за финансии на Министерството, кој организациски облик согласно член 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници треба да врши евидентирање на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

Неусогласеноста на сметководствената со фактичката состојба на средствата, побарувањата и обврските на Министерството, нивното нереално и необјективно искажување во финансиските извештаи има за ефект не постапување согласно законските одредби што влијае врз управувањето и носењето одлуки во Министерството.

**Препорака:**

Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за:
- податоците во пописните листи покрај натурални вредности да содржат и парични показатели;
- извештајот од спроведениот годишен попис и актот за негово усвојување да се носат во законски пропишаниот рок;
- продолжување на започнатите активности за надминување на забелешките утврдени со Извештајот од спроведениот попис на средствата, обврските и

побарувањата со состојба на 31.12.2022 година и
- воспоставување на соодветна поделба на надлежностите и одговорностите на лицата вклучени во спроведувањето на пописот.

3.2.3. Во текот на 2020 година во Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија се додава нов член 218-а, со кој се утврдува правото на престанок на работниот однос со остварување на право на пензија на активниот воен и цивилен персонал, со навршени најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во служба во Армијата, доколку настанат промени во Актот за формација на Армијата[13] (акт за организација и систематизација во Армијата), кои промени предизвикуваат укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, и тоа доколку во рок од 60 дена нема можност персоналот да биде прераспределен на друго формациско односно работно место.

Воедно, доколку се утврди право на престанок на работниот однос согласно погоре наведените услови, Министерството е должно на персоналот да му исплати еднократен надоместок, чиј износ не може да биде повисок од десет нето плати на работникот.

Со извршениот увид во целокупната документација ги констатиравме следниве состојби:

- во јули 2019 година Претседателот на државата согласно своите законски овластувања донел Акт за организациски формациски промени во Армијата, согласно кој 01.10.2019 година е утврден како почетокот на трансформацијата;
- согласно организациско формациските промени, во периодот од 2019 до 2022 година донесени се вкупно 2.069 наредби за распоредување на офицери, подофицери и цивилен персонал на служба во Армијата, од кои само 157 односно 7,6% од вкупно донесените наредби се во предвидениот законски рок од 60 дена;
- од страна на одговорните лица во Армијата беше укажано дека високиот процент од 92,4% на донесени наредби по утврдениот законски рок од 60 дена е последица на фактот што активноста за прераспоредување не можела да се спроведе во рок од 60 дена, имајќи предвид дека во Актот за формација е утврден еден датум за почеток на трансформацијата на целокупната Армија;
- од причина што Министерството не располага со точна евиденција на активен и цивилен персонал кој во моментот на истек на рокот од 60 дена ги исполнувал условите за престанок на работниот однос со остварување право на пензија, за дел од персоналот бил утврден престанок на работниот

[13] пополнувањето на Армијата се врши со акт за организација и формација на Армијата

однос по сила на Закон, додека за дел по поднесено барање. Оваа состојба довела до реализација на поднесените барања за остварување на право на пензија и во текот на 2023 година и

- иако наведеното право е стекнато и требало да биде реализирано во 2019 година, како последица на ненавремена реализација на трансформацијата, заклучно со месец јуни 2023 година, правото на престанок на работниот однос со остварување право на пензија по овој основ, го оствариле вкупно 278 вработени во Армијата, од кои 141 лице во периодот 2020-2022 година и 137 во 2023 година.

Утврдените состојби имаат директни импликации на буџетот на Министерството, влијаат на развојот на одбранбените капацитети, модернизацијата и унапредувањето на стандардот на припадниците на Армијата и зацврстување на националната и колективната безбедност, согласно утврдените НАТО стандарди како земја членка на алијансата.

Истакнуваме дека во Актот за формација од 2022 година, кој стапува на сила утврдени се повеќе датуми за реализација на трансформацијата.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за навремена распределба на активниот воен и цивилен персонал согласно утврдените рокови.

3.2.4. Согласно Правилник за внатрешна организација, формиран е сектор за внатрешна ревизија, организационо и функционално независен во однос на другите организациони единици, во кој од вкупно систематизираните 18 (осумнаесет) работни места, во 2022 година пополнети се 9 (девет).

Со увид во начинот на организација на секторот и плановите за работа, ги утврдивме следниве состојби:

- во Правилникот за систематизација на работните места не се наведени посебните услови потребни за извршување на работните задачи за раководителот на единицата за внатрешна ревизија, што не е во согласност со точка 6 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со која се пропишани условите кои треба да ги исполни раководителот на единицата за внатрешна ревизија;
- со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2022 година, предвидени се три ревизии, од кои спроведени се две;
- во текот на 2022 година министерот има донесено две решенија за овластување на вработени лица за вршење на работите и задачите за работното место – раководител на секторот за внатрешна ревизија и тоа со

решение[14] од јануари 2022 година дадено е овластување на лицето кое врши работи на работно место советник - аналитичар за финансиски работи, што не е во согласност со член 33 став 4 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, каде е предвидено дека раководителот на единицата за внатрешна ревизија не треба да извршува задачи на финансиско управување и контрола и други задачи во субјектот што не произлегуваат од функцијата на внатрешната ревизија, додека од октомври 2022 година дадено е овластување[15] на помошникот на раководителот на сектор за логистика. Лицата на кои се дадени овластувањата не се овластени внатрешни ревизори, што не е во согласност со член 35 и член 36 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола, каде е уредено дека за раководител на единицата за внатрешна ревизија може да се назначи овластен внатрешен ревизор, кој има поминато обука и положено испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор или да поседуваат меѓународно признат ревизорски сертификат и има најмалку три години работно искуство во обласа на внатрешната или надворешната ревизија и

- Годишниот финансиски извештај за 2022 година е доставен во септември 2023 година, со задоцнување од 4 месеци, во однос на рокот утврден во член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, каде е пропишано дека Годишниот извештај се доставува до Централната единица за хармонизација, најдоцна до 10 мај во тековната година за претходната година.

Утврдените состојби влијаат на континуитетот во обезбедување на независно, разумно и објективно уверување и совет до раководството со цел подобрување на работењето на Министерството.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за:
- кадровско екипирање на внатрешната ревизија;
- реализација на годишните планови за внатрешна ревизија и
- навремено доставување на годишните финансиски извештаи до Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии.

3.2.5. Согласно член 11 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, органите на државна управа се должни да обезбедат чување и заштита на недвижните ствари, нивно економично и соодветно користење и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користењето на стварите. Со извештајот на овластениот државен ревизор за 2017 година беше известено за оваа состојба и беа дадени препораки за надминување на истата.

[14] број 02-2/27 од 31.01.2022 година
[15] број 02-2/127 од 04.10.2022 година

Утврдивме дека и во 2022 година состојбите не се променети, што во најголем дел се должи и на фактот што Министерството нема воспоставена евиденција на вредноста на имотот и опремата со која располага. Имено, освен осигурување на службените возила и седишта во воените хеликоптери, за останатите движни и недвижни ствари Министерството нема преземено активности за нивно осигурување. Во услови на непредвидени настани (пожари, поплави и слично), наведената состојба може да предизвика дополнителни расходи за буџетот на Министерството и неможност за надомест на штетата.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за осигурување на целокупниот имот со кој располага.

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Министерство за одбрана за 2022 година со Законот за јавните набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.
Со ревизијата беа опфатени вкупно 57 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2022 година, од кои 28 постапки се спроведени во 2021 година и 29 постапки се спроведени во 2022 година.
Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 1.718.704 илјади денари со вклучен ДДВ, што опфаќа 78% од вкупната вредност на договорите кои имаат реализација во 2022 година, во вкупен износ од 2.198.561 илјади денари со вклучен ДДВ, при што ги констатиравме следниве состојби:

3.2.6. Одговорното лице на Министерството има доделено овластувања за потпишување на Одлуки за јавни набавки и Одлуки за избор на најповолна понуда односно поништување на постапка, и тоа на државниот секретар и на раководителот на секторот за логистика, кој е ангажиран преку агенција за привремени вработувања.
Утврдивме дека државниот секретар и раководителот на секторот за логистика во име на одговорното лице во 2021 и 2022 година имаат склучено договори за јавни набавки, без дадено овластување за нивно склучување.
Имајќи предвид дека согласно член 37-а од Законот за буџетите за извршувањето на буџетот на буџетскиот корисник одговорен е раководителот на буџетскиот корисник, како и член 8 став 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола

каде е уредено дека лицата кои имаат добиено овластување можат да носат одлуки согласно делегираните надлежности, наведените состојби можат да влијаат врз регуларното, економичното, ефикасното и ефективното користење на расположливите средства.

Ревизијата не дава препорака од причина што во текот на 2023 година наведната состојба е надмината и на државниот секретар и раководителот на секторот за логистика дадени им се овластувања за потпишување на дел од договорите за јавни набавки.

3.2.7. Кај дел од ревидираните постапки утврдивме отстапувања во однос на роковите пропишани со Законот за јавни набавки и условите за спроведување на поедноставена отворена постапка и тоа:

- кај 9 (девет) спроведени постапки за јавни набавки, Одлуката за избор на најповолна понуда е донесена со задоцнување од 5 до 58 денови определен како краен рок за поднесување на понудите. Наведената состојба не е во согласност со член 112 точка 2 од Законот за јавните набавки со кој е пропишано дека договорниот орган е должен да донесе Одлука за избор или поништување во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите;
- договорниот орган кај 8 (осум) постапки не ги склучил договорите за јавна набавка во рокот утврден со член 116 став 1 од Законот за јавните набавки со кој е уредено дека договорите за јавни набавки се склучуваат во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор;
- кај 17 (седумнаесет) постапки известувањето за склучен договор е со задоцнување од 10 дена пропишан со член 70 точка 1 и 2 од Законот за јавните набавки и
- за набавка на стоки и услуги спроведени се две поедноставени отворени постапки со проценети вредности над 70 илјади евра, што не е во согласност со член 49 и член 50 од Законот за јавните набавки, со кои е пропишано дека за набавките кои имаат проценета верност над 70 илјади евра за стоки и услуги, договорниот орган треба да спроведе отворена постапка.

Наведените состојби имаат влијае врз транспарентноста како начело на кое треба да се темелат јавни набавки.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат активности за целосно почитување на роковите пропишани со Законот за јавните набавки.

3.2.8. Со извршениот увид во документацијата од спроведените постапки за јавни набавки ги констатиравме дека кај две спроведени постапки, техничката спецификација не е изработена согласно член 82 од Законот за јавните набавки со кој е уредено дека предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин и тоа:

- за потребите на Армијата, спроведена е постапка за набавка на индивидуален комплет за преживување и склучен е договор во износ од 4.248 илјади денари. Во техничката спецификација опишани се производите кои треба да ги содржи комплетот за преживување, освен за ставката „други мали додатоци", поради што понудувачите за наведената ставка понудиле производи со различни квантитативни и квалитативни карактеристики и
- склучен е договор за Санација и реновирање на сместувачките капацитети во АП Криволак и КО Пепелиште во износ од 6.336 денари. Предмер пресметката за фаза машинство содржи и набавка, транспорт и монтажа на 55 клима уреди, без дефинирање на техничките карактеристики кои треба истите да ги исполнуваат, освен капацитетот на греење и ладење.

Наведените состојби не обезбедуваат споредливост на понудите и влијае на можноста од потврдување на квалитет на предметот на набавка во однос на неговата намена и вредност.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат активности за предметот на набавка да се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин за да се обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од Министерството.

3.2.9. Спроведени се постапки за јавна набавка на работи и склучени се договори за реконструкција, реновирање, санација, адаптација на објекти. Со извршениот увид во целокупната документацијата ги утврдивме следниве состојби:
- кај 11 постапки за јавни набавки, по кои се склучени договори во вкупна вредност од 172.263 илјади денари, (Прилог 1), како услов за докажување на способноста за вршење професионална дејност, понудувачот требал да достави Лиценца Б за изведување на градби, што не е во согласност со член 26 од Законот за градење со кој е пропишано дека за изведување на градби од прва категорија, во која категорија со член 57 став 1 од Законот за градење се и објектите на Министерството и Армијата, правното лице треба да поседува лиценца А за изведувач;
- на градежни работи, по кои се склучени договори во вкупна вредност од 249.155 илјади денари, (Прилог 2), како задолжителен елемент на понудата е предвиден „Динамичен план за изведување на работи", за кој не е пропишана формата, содржината и потребните податоци кои треба да ги

содржи истиот. Дел од доставените понуди, комисијата за јавни набавки ги отфрлила како неприфатливи понуди со образложение дека доставените планови не се уредни. Наведената состојба не е во согласност со член 7 од Законот за јавни набавки со кој е пропишано дека договорниот орган треба да обезбеди еднаков третман на економските оператори, во однос на сите елементи од понудата, што остава можност од субјективен пристап при евалуација на понудите;

- утврдивме дека во сите постапки за набавка на работи од понудувачите се бара да ја докажат само способноста за вршење на професионална дејност, со поседување на лиценца за изведување на градби и документ за регистрирана дејност (ДРД образец), предвидено во член 90 од Законот за јавните набавки, без да ја докажуваат својата економска и финансиска состојба како и својата техничка и професионална способност.

  Имено, во текот на 2022 година, Министерството има наплатени банкарски гаранции на два договори[16] во вкупен износ од 11.844 илјади денари, бидејќи изведувачот не го почитувал рокот за изведување на работите и во примерен рок не ги отстранил сите недостатоци што се утврдени при технички преглед на градбата. Исто така по основ на два склучени договори со ист изведувач за реновирање на објектите број „38“ и број „39“ во касарната „Илинден”, Министерството има утврдено бројни неквалитетно изведени работи со прикриени мани, поради што не е извршено плаќање на завршните ситуации се додека истите не се санираат од страна на изведувачот, што може да резултира со судска постапка.

  Имајќи ги предвид наведените состојби, како и законската можност договорниот орган при избор на економските оператори да не бара истите да ја докажуваат својата економска и финансиска состојба, техничка и професионална способност, ревизијата смета дека во постапките за јавни набавки на градежни работи кои претставуваат капитални инвестиции со вредности над 500 илјади евра и се од значење за Армијата, препорачливо е да се потврди дека изведувачите ги имаат потребните човечки и технички ресурси за извршување на работите.

Наведените состојби создаваат ризик од нецелосно, ненавремено и неквалитетно извршување на договорите за изведување на градежни работи и влијаат врз навремено и комплетно создавање на услови за функционирање на припадниците на Армијата при извршување на секојдневните задачи.

[16] Договор за јавна набавка за Реновирање на објекти бр. „20“ и бр.„34“ во касарна „Јане Сандански“ во Штип број 18/3-379/19 од 30.07.2021 и Договор за јавна набавка за Реновирање на сместувачките капацитети во касарна Петровец – Објект 127, Објект 20, Генералски апартман, Француски Камп и НАТО Код Центар број 18/3-109/11 од 15.02.2022

**Препорака:**

При спроведување на јавни набавки за работи одговорните лица во Министерството да ги преземат следниве активности:

- лиценците кои се утврдуваат како услов за докажување на професионална дејност да се согласно категоризацијата на објектите на Министерството и Армијата;
- да се пропише форма, содржина и потребни податоци на обрасците кои се бараат од понудувачите, како составен дел на понудата и
- тендерската документација да содржи услови за квалитетен избор на економски оператор со кои Министерството ќе се увери дека понудувачот е способен за целосно, квалитетно и навремено извршување на договорот

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Повеќе од 30 години, Министерството за пресметка на плата користи апликација која е изработена во постар програмски јазик (Cobol).

Поради застареност и ограниченост на алатките на постоечката апликација, Министерството во 2018 година спровело постапка за набавка на софтверско решение за пресметка на плата и склучило договор, со рок на реализација од 21 месец. Од причина што не е инсталиран софтвер согласно техничката спецификација наведена во договорот, во септември 2020 година од страна на Министерството активирана е банкарската гаранција заради ненавремено и неквалитетно извршување на обврските од договорот.

По спроведена постапка, во август 2021 година склучен е Договор за јавна набавка на изработка на софтверско решение за пресметка на плати[17] во износ од 1.670 илјади денари во кој се уредени обврските на економскиот оператор и тоа:

- изработка и имплементација на софтверското решение во рок од девет месеци од потпишување на договорот односно до 11.05.2022 година,
- една година гарантен период од како решението ќе биде имплементирано и прифатено од страна на корисниците,
- доставување на изворниот код на софтверското решение и
- миграција на историските податоци на вработените.

На 17.08.2023 година склучен е Анекс бр.1[18] на договор за изработка на софтверско решение за пресметка на плати, со кој рокот за имплементација на софтверот за пресметка на плати е променет и пролонгиран за декември 2023 година. Ваков начин на спроведување на постапката за јавна набавка односно склучување на анекси на основниот договор со кои се менуваат роковите за реализација на договорот предвидени во тендерската документација, не обезбедува целосна

[17] број 1813-288/14 од 11.08.2021 година

[18] Анекс бр.1 на Договорот број 18/3-288/14 од 11.08.2021 година

транспарентност на постапката и не овозможува фер конкуренција помеѓу економските оператори заради економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства.

До периодот на вршење на ревизијата, остварени се повеќе работни средби помеѓу Министерството и економскиот оператор за утврдување на степенот на реализација на предметот на набавката, давање соодветни забелешки, насоки, тестирање на одредени фази на софтверското решени, заради успешно имплементирање на софтверот за плати.

Имајќи предвид дека месечната пресметка на плати се врши за над 7.000 вработени во Министерството и Армијата, како и рокот за имплементација на софтверот за пресметка на плати кој е декември 2023 година, ревизијата ја истакнува потребата од интензивирање на соработката со цел имплементација на софтверот и пресметка на плата на истиот.

4.2. Во текот на 2022 година, од страна на вработени лица поведени се 2.525 тужби по основ на исплата на надоместоци од работен однос, во кое Министерството е тужена страна. По основ на главен долг, камата и судски трошоци, во 2022 година исплатени се средства во вкупен износ од 276.921 илјади денари и тоа: 218.109 илјади денари од сметката на основе буџет (637) и 58.812 илјади денари од сметката на основен буџет (631).

Имено, во членот 152 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија[19] е утврдено правото на армиски додаток заради посебните услови на службата во Армијата односно работа во теренски услови, логорување, воени вежби, гаѓање, работа подолго од полното работно време во работна недела, ноќна работа, работа во смена, работа за време на неделен одмор и празници, користење и прекин на годишен одмор по потреба, вршење служба во вонредни ситуации и други, кој се вреднува во висина од 30% од делот на основната плата. Наведениот додаток се исплаќа на вработените во Армијата.

Исто така во член 72 и член 73 од Колективниот договор на Министерството уредени се додатоци на плата за посебни услови на работа кои произлегуваат од распоредот на работа и тоа:

- додаток на плата за прекувремена работа;
- работа ноќе;
- работа во смени, односно турнус;
- работа на ден на неделен одмор;
- додаток на плата за работа во празник и
- додаток за работен стаж,

за кои не се врши целосна исплата на вработените во Армијата.

[19] „Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 275/19, 14/20, 171/22 и 65/23

Поради наведеното, вработените во Армијата имаат поведено судски постапки за неисплатени додатоци на плата и тоа:

- додаток на плата за прекувремена работа;
- додаток на плата за работа во празник и
- додаток на плата за работа ноќе.

Согласно донесените судски одлуки, додатоците на плата уредени со Колективниот договор, кои произлегуваат од распоредот на работното време, не можат да се поистоветат со армискиот додаток, кој е фиксно определен во висина од 30% од основната плата и истиот не произлегува од распоредот на работното време, па согласно истите утврдениот армиски додаток во Законот за служба во Армијата, не го исклучува остварувањето на додатоците на плата како право од работен однос утврдено во Колективниот договор на Министерството.

Со цел да се намалат судските трошоци, Министерството од мај 2022 година пристапило кон исплата на наведените додатоци утврдени во Законот за служба во Армијата и во Колективниот договор, додека за претходниот период на вработените им е дадена можност побарувањата за додатоците на плата да се решат вонсудски со поднесување барање за исплата на овие додатоци на плата.

Министерството на ден 28.07.2023 година, до Основно јавно обвинителство Скопје, има доставено известување кое се однесува на индиции за противправно постапување при судските постапки и исплатата на финансиските средства од Буџетот на Министерство за одбрана, по добиени сознанија за можни неправилности во текот на судските постапки во однос на додатоците на плата утврдени во Законот за служба во Армијата и во Колективниот договор, кои активности се во тек.

4.3. Постапувајќи по судски решенија, по поведени судски постапки од страна на две вработени лица за надомест на нематеријални штета, Министерството во минати години има исплатено средства во вкупен износ од 3.481 илјади денари. Извршиме увид во документација за извршените исплати, при што ги утврдивме следните состојби:

- по пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје, во 2004 година на вработен во Министерството, исплатени се средства во износ од 2.183 илјади денари. Со вложување на вонреден правен лек, во 2009 година донесена е правосилна пресуда со која износот од 2.183 илјади денари е намален на 850 илјади денари. Министерството наместо да изврши поврат на разликата во исплатените средства, во 2009 година извршило дополнителна исплата за уште 850 илјади денари. Утврдивме дека заклучно со мај 2022 година, преку извршител во корист на Министерството наплатени се 541 илјади денари, односно вкупно исплатени средства во износ од 2.492 илјади денари и
- согласно судска пресуда на Основниот суд Скопје 2 Скопје, во минати години

на вработено лице по основ на нематеријална штета, исплатени се средства во износ од 448 илјади денари. По вонреден правен лек, поднесен од Јавниот обвинител постапката е повторена, судот ја променил одлуката и го одбил тужбеното барање, по што заклучно со мај 2022 година, во корист на Министерството наплатени се 417 илјади денари.

На ден 25.05.2022 година, Владата има донесено Одлука број 41-4818/1 со која го задолжила Државното правобранителство, како законски застапник на Министерството, да се откаже од постапките за наплата на наведените побарувањата, по која одлука во септември 2022 година, Министерството во корист на вработените лица, исплатило дополнителни парични средства во вкупен износ од 958 илјади денари.

Ревизијата истакнува дека со постапувањето на Министерството по одлуката на Владата, исплатени се повеќе средства во однос на донесените судски одлуки, во вкупен износ од 2.631 илјади денари.

4.4. Финансирањето на одбраната претставува еден од поважните елементи што придонесува за создавање предуслови за успешно зајакнување и одржување на целокупниот одбранбен систем. Притоа, во изминатите години, а особено кога државата на 27.03.2020 година стана полноправна членка на НАТО има обврска како и сите сојузници на годишно ниво да троши минимум 2% од Бруто домашен производ за одбрана и повеќе од 20% од својот одбранбен буџет за опремување и модернизација на вооружените сили.

Според податоците на одбранбениот буџет за 2022 година, трошоците на земјата за одбраната се околу 1,77% од БДП со што државата е „на пат" до 2024 година да го достигне нивото од 2% од БДП.

Исто така, 31% од вкупниот Буџет на Министерството за 2022 година се издвоени за опремување и модернизација на Армијата, детално наведено во Табела број 1[20]:

| Реден број | Опис | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Буџет на Министерството за одбрана искажан во % од БДП | 0,98 | 1,19 | 1,37 | 1,57 | 1,77 |
| 2 | Буџет на Министерството за опремување и модернизација на Армијата во % | 11,84 | 15,39 | 18,23 | 23,63 | 31,81 |

Табела број 1: Буџет за опремување и модернизација на Армијата за период 2018-2022

[20] Извор на податоци: Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2023-2032 „Службен весник на Република Северна Македонија" број 91/23

Од Програмата ВА - Интеграција во НАТО, преку Министерството се издвојуваат значителни средства од Буџетот на државата, наменети за опремување и модернизација на одржување и подобрување на постоечкото ниво на борбена способност на Армијата и нејзино опремување и модернизација со цел компатибилност со силите на НАТО, прикажани во Графикон број 2:




Графикон број 2: Одобрени и реализирани средства по подпрограма ВА - Интеграција во НАТО за период 2018-2023

Опремата (лесни оклопи борбени возила, систем за противвоздушна одбрана за мали височини, набавка на артилериски системи, ремонтирање на транспортни хеликоптери) е набавена согласно член 8 од Законот за јавна набавка на одбраната и безбедноста, со кој е пропишано дека одредбите на законот не се применуваат на договори за набавка на Владата на РСМ со влади на странски држави, по претходно донесен Годишен план за набавки.



Слика број 1 : Нови оклопни возила од типот JLTV

Буџетот за одбраната е во постојан пораст и во 2023 година истиот е во вкупен износ од 275 милиони евра односно 1,85% од Бруто домашниот производ, од кои една третина се алоцираат за модернизација и опремување на Армијата.
И во иден период Армијата ќе треба да го продолжи патот на модернизацијата, која ја бараат стандардите на НАТО, поради што до 2032 година согласно долгорочното планирање треба да бидат потрошени околу 900 милиони евра.

4.5. Министерството за одбрана е тужена страна во судски спорови од правни лица за утврден долг во вкупен износ од 21.503 илјади денари и се јавува како тужител кон физички и правни лица за утврдени побарувања во износ од 133.114 илјади денари.

## 5. Останати прашања

5.1. Реорганизација на вработените во Министерството, како стратешка цел утврдена во Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2019–2028, е дефинирана и во новиот Долгорочен план 2023-2032 година, особено што по членството во НАТО се утврдило дека примената на Законот за административните службеници, на вработените во Министерството за одбрана, не може да овозможи воведување на нови стандарди во работните процеси и воспоставување на ефикасен систем за управување со човечките ресурси во одбраната согласно со стандардите на земјите членки на НАТО. Потребата од реорганизација се согледува и од фактот што во текот на осум години, Министерството има донесено 45 измени и дополнувања на основниот Правилник за систематизација и 8 измени и дополнувања на Правилникот за организација на Министерството за одбрана, донесен во 2015 година.
Предуслов за соодветно, јасно и прецизно дефинирање на организациската и функционалната рамка е носење на Законот за вработените во Министерството за

одбрана, која постапка сеуште е во тек.
Владата на седница одржана во јуни 2022 година, го задолжила Министерството заклучно со октомври 2022 година да го достави на разгледување и утврдување предлог Закон за вработените во Министерството за одбрана, кој до денот на вршење на ревизијата не е доставен.

Ревизијата ја истакнува потребата од продолжување на активностите за носење на новото законско решение, со цел создавање на услови за воспоставување на ефикасен систем за менаџирање со човечките ресурси во одбраната, изградба на институционален интегритет за привлекување и задржување на квалификуван персонал, создавање на услови за градење на персонал за работа на НАТО позиции, постигнување согласност со стандардите во работните процеси со земјите членки на НАТО во однос на управувањето со човечките ресурси во одбраната.

5.2. Со член 2 од Уредбата за Методологија на распределба на наменски дотации на плати и надоместоци на плати за вработените во територијалните противпожарни едници за 2022 година[21] е утврдено средствата за плати и додатоци на плати, да се исплатат од Министерство за одбрана, Програма А – Децентрализација, Потпрограма А2 – Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа. Во 2022 година од Буџетот на Министерството за функционирање на територијалните противпожарни едници доделени се наменски дотации за плати на пожарникарите во износ од 410.533 илјади денари. Овластените државни ревизори во Конечните извештаи од извршени ревизии на регуларност кај единиците на локална самоуправа, обелоделениле дека средствата кои општините ги добиваат како наменски дотации се недоволни за финансирање на платите на вработените, а непрецизното дефинирање на висината на платата на професионалните пожарникари во законските одредби, создава тешкотии за нејзина примена.
За надминување на проблемите во однос на платите и надоместоците на плати на пожарникарите во 2021 година, одговорното лице на Министерството донело Решение[22] за формирање на меѓуресорска работна група за изработка на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство, истакнато и во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност „Систем за управување со кризи и заштита од пожари“, со препорака за продолжување со започнатите активности за изработка на предлог законската регулатива.
Според обезбедените информации, меѓуресорската работна група изработила Нацрт верзија на Методологија за утврдување на исплата на плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во територијалните противпожарни едници, како и измени и дополни на Закон за пожарникарство.

[21] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 292/21
[22] број 02-1419/1 од 04.03.2021 година и измена и дополнување број 02-5175/1 од 21.07.2022 година

Ревизијата ја истакнува потребата од понатамошно постапување на Министерството и доставување на Предлог законската регулатива до Владата заради продолжување на постапка за нивно донесување.

5.3. Согласно член 1 од Законот за воената академија[23] воената академија се основа како високообразовна и научно-истражувачка установа за образование на кадри за потребите на Министерството за одбрана и Армијата.
Основен акт на Академијата е Статутот, кој го донесува Наставно-научниот совет на Академијата на кој согласност дава Собранието, по претходна согласност на министерот за одбрана.
Со донесувањето на Законот за високото образование[24] во 2018 година, утврдена е обврска во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на законот, сите универзитети и самостојните високообразовни установи да извршат усогласување на статутите и другите општи акти утврдени со закон.
Од страна на Воената академија преземени се мерки и активности и доставен е Предлог Статут до Собранието, за кој до денот на ревизијата сеуште не е добиена согласност, поради што Воената академија својата високообразовна дејност ја извршува врз основа на Статутот од 2011 година.
Во текот на 2022 и 2023 година, од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование – Одбор за акредитација на високото образование, извршена е акредитација на студиските програми од прв и втор циклус студии на Воената академија, врз основа на Статут од 2011 година кој не е усогласен со одредбите од Законот за високото образование, иако истиот е задолжителен документ кој се доставува во прилог на барањето за акредитација согласно Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми.

5.4. Во текот на 2016 година, со донесување на Законот за основање на универзитет за национална одбрана, безбедност и мир "Дамјан Груев" во Скопје[25] уредено е основање на нов државен универзитет од областа на националната одбрана, безбедност и мир во државата. Целта на неговото основање е задоволување на потребите од високостручни кадри од полето на националната одбрана, безбедност и мир, како и создавање на кадри за потребите на Министерството и Армијата.
Во член 1 од наведениот закон, уредени се високообразовните единици во негов состав, и тоа:
- Воена академија за копнена војска "Генерал Михаило Апостолски";
- Воздухопловна академија "8-ми Септември";

[23] „Службен весник на Република Македонија" бр.83/09
[24] „Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21
[25] „Службен весник на Република Македонија" бр. 120/16

- Факултет за безбедност “Никола Петров Русински”;
- Медицински факултет “Др. Христо Татарчев”;
- Факултет за мировни студии и кризен менаџмент “Пере Тошев”;
- Правен факултет “Павел Шатев”;
- Институт за командни и штабни функции и лидерство “Тодор Александров” и
- Институт за информатички технологии и сајбер безбедност.

Истакнуваме дека иако согласно член 25 од наведениот закон е утврдено дека универзитетот ќе започне со работа во студиската 2016/2017 година, истиот се уште не ја извршува својата високо образовна дејност.

Имајќи предвид дека законот за основање на универзитетот е донесен пред седум години, ревизијата укажува на потребата надлежните институции да го преиспитаат постојното законско решение за основање на универзитет за национална одбрана, безбедност и мир “Дамјан Груев” во Скопје, да ги утврдат причините за негово не имплементирање и да донесат соодветни насоки за понатамошно постапување.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.
Ревизијата е спроведена во периодот од 01.03.2023 до 31.07.2023 година, на Министерството за одбрана на сметката на основен буџет (637), од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.
Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Министерството за одбрана, сметка на основен буџет (637) за 2017 година, при што е изразено неповолно мислење за вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.
Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година, број 10-229/10 од 06.05.2019 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека од дадените десет препораки две препораки се спроведени, две препораки се делумно спроведени, три препораки не се спроведени и три препораки се во тек на спроведување.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Министерството за одбрана, застапувано од:

- м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, министер од 31.05.2017 до 16.01.2022 година и
- Славјанка Петровска, министер од 17.01.2022 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.
Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако

поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Министерството за одбрана, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

При оценка на системот на внатрешни контроли со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, ревизијата констатира дека Министерството има недостаток на вработени лица на раководни позиции од значење за функционирање на Министерството. Во текот на 2022 година, од вкупно 18 (осумнаесет) систематизирани раководни работни места, на 8 (осум) вработени лица доделени им се овластувања за извршување работни задачи од делокругот на раководители на сектори, од кои едно лице е вработено на ниво В - стручен административен службеник.
Наведените состојби не се во согласност со член 14 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола со кој е пропишано дека раководителот на субјектот е одговорен за воспоставување на контролна средина и организациона структура која обезбедува поделба на одговорностите, што може да влијае врз функционирањето, следењето и развојот на стабилно финансиско управување и контрола.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземе активности за пополнувањето на испразнетите работни места за непречено функционирање на Министерството.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерството за одбрана одржан на ден 07.09.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на Министерството за одбрана доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-201/9 од 06.10.2023 година. Забелешките се разгледани и оценето е дека една забелешка преставуваат известување за активностите кои се преземени од страна на Министерството за одбрана за надминување на утврдената состојба, една забелешка се прифаќа поради доставени дополнителни докази и една забелешка не се прифаќа.

**Министерство за одбрана**
**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Трансфери и донации | **3.1.1.** | 11.630.019 | 9.864.181 |
| **Вкупно приходи** | | **11.630.019** | **9.864.181** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 4.440.460 | 4.150.486 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 2.592.732 | 2.282.742 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 3.2.3 | 514.903 | 515.000 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.2.4 | 410.533 | 382.611 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5 | 348.583 | 185.322 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **8.307.211** | **7.516.161** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | **3.3** | 3.322.808 | 2.348.020 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3.322.808** | **2.348.020** |
| **Вкупно расходи** | | **11.630.019** | **9.864.181** |

**Министерство за одбрана**
**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2.664 | 2.077 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 33.310 | 51.428 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 36.572 | 17.866 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4. | 8.167.930 | 5.221.236 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 1.431.822 | 1.384.193 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.672.298** | **6.676.800** |
| | | | |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 12.371.898 | 12.371.898 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.410.627.982 | 1.410.627.982 |
| **Вкупно постојани средства** | 4.2.2. | **1.422.999.880** | **1.422.999.880** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **1.432.672.178** | **1.429.676.680** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 62.125 | 66.963 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 555.257 | 555.257 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 393.677 | 341.210 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 8.240.476 | 5.292.607 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9.251.535** | **6.256.037** |
| | | | |
| **Долгорочни обврски** | **4.4.** | 420.763 | 420.763 |
| | | | |
| **Извори на средства** | **4.5.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1 | 1.422.999.880 | 1.422.999.880 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.422.999.880** | **1.422.999.880** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **1.432.672.178** | **1.429.676.680** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министерство за одбрана | | | |
| Сметка на основен буџет (637) | | | |
| | | | |
| ПРЕГЛЕД | | | |
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | во 000 денари |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2022 година** | **1.422.999.880** | **-** | **1.422.999.880** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **1.422.999.880** | **-** | **1.422.999.880** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр./Nr. 14-4015/1
17-11-2023 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за одбрана**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 27.11.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 11-201/15 | | |

ДО:
**М-р Максим Ацевски**
Главен државен ревизор
Државен завод за ревизија
Палата „ Емануел Чучков "
Ул. Јордан Мијалков
П. Фах 249
Скопје


Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер

ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 32820042
Сајт: www.mod.gov.mk


**Предмет:** Забелешки на Нацрт извештај
**Врска:** ваш број 11-201/14 од 06.10.2023 година,

Почитуван г-н Ацевски,

Внимателно ги разгледавме вашите Нацрт извештаи, по извршената ревизија во Министерството за одбрана. Со цел да појасниме одредени констатирани состојби во Нацрт извештајот бр. 11-201/14 од 06.10.2023 година, ги доставуваме следните појаснувања – забелешки:

1. Не се согласуваме со констатацијата наведена во точка 3.2.7, став 1, алинеја 4 од Нацрт извештајот во која е наведено дека за набавка на стоки и услуги спроведени се две поедноставени отворени постапки со проценети вредности над 70 илјади евра, што не е во согласност со член 49 и член 50 од Законот за јавни набавки. Имено, согласно добиената информација од овластениот државен ревизор, оваа констатација се однесува на постапки за јавна набавка на Одржување на електроенергетски објекти и слаботрујни надворешни кабловски разводи и инсталации (оглас бр. 15432/2021) и Тековно одржување на инсталации во објектите на МО и ГШ – сервисирање на фекални пумпи, пумпи за ладна вода, отстранување на дефекти на водоводна и канализациона инсталација (оглас бр. 22212/2021), кои завршиле со склучување на рамковни спогодби за јавна набавка на работи. Согласно техничките спецификации (предмер пресметки) кај овие постапки предметот на набавка не е набавка на стоки и услуги, туку набавка на работи кои се однесуваат на тековно одржување на објектите и тоа на трафостаници, далноводи, кабелски приклучоци, електрични инсталации и опрема во објектите, севисирање на пумпи за вода во објектите и одстранување на дефекти на водоводна и канализациона инсталација. Сите активности кои се предмет на набавка се спроведуваат заради одржување на објектите на Армијата и Министерството, а согласно Законот за градење "Одржување на градежен објект е

изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговото употребување.”
Согласно горенаведеното, сметаме дека се спроведени две поедноставени отворени постапки за јавна набавка на работи со проценети вредности до 500 илјади евра, согласно член 49 од Законот за јавни набавки.

2. Во врска со констатацијата, наведена во точка 3.2.8 став 1, алинеја 1 од Нацрт извештајот, дека во постапката за јавна набавка на Гасификација на централни котларници со приклучок на гасна мрежа во Петровец и Куманово, кај документацијата за утврдување на способност на подизведувачите недостасува електронски потпис од одговорните лица на подизведувачите и истите содржат само електронски потпис од економскиот оператор, сметаме дека е потребно да појасниме дека документацијата за докажување на способност која ја изготвувиле самите подизведувачи е потпишана своерачно со потис и печат од страна на одговорното лице на подизведувачот и истата е деловоднички заведена, скенирана и потоа истата е дополнително потпишана со електронски потпис од страна на одговорното лице на понудувачот. Документите подготвени од подизведувачите на овој начин сметаме дека се потполно валидни, бидејќи при поднесување на понуда понудувачот задолжително ги потпишува со дигитален сертификат понудата, потребните изјави и целокупната документација која самиот ја изготвува и потпишува, а подизведувачите доколку не поседуваат дигитален сертификат, потребните изјави и документацијата која тие ја изготвуваат и потпишуваат може да биде своерачно потпишана и доставена во скенирана форма.
Комисијата при евалуацијата извршила проверка на документацијата за утврдување на способност на подизведувачите кои се предложени од страна на понудувачот и истата ја оценила како прифатлива.

3. Во однос на препораките наведени во точка 3.2.9 од Нацрт извештајот дека лиценците кои се утврдуваат како услов за докажување на способност за вршење на професионална дејност да се согласно категоризација на објектите на Министерството и Армијата и тендерската документација да содржи услови за квалитативен избор на економските оператори со кои Министерството ќе се увери дека понудувачот е способен за целосно, квалитетно и навремено извршување на договорот, сакаме да потврдиме дека овие препораки се веќе имплементирани во постапките за јавни набавки на работи кои се спроведуваат од страна на Министерството за одбрана во 2023 година и во истите како услов за докажување на способност за вршење на професионална дејност се бара економските оператори да поседуваат Лиценца А за изведувач на градби и во

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер

ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 32820042
Сајт: www.mod.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

тендерските документации се вклучуваат услови за квалитативен избор на економските оператори кои се директно поврзани и сразмерни со предметот на набавка, неговата сложеност и вредност.

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер

ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 32820042
Сајт: www.mod.gov.mk

Почитувани,

Забелешките ги доставуваме со цел да појасниме делови од извештајот за кои сметавме дека има таква потреба.
Воедно сакаме да искажеме голема благодарност на ревизорскиот тим за дадените препораки за кои Министерството за одбрана ќе изработи план за надминување на утврдените пропусти.

Со почит,

Изработил,
Робертино Ристиќески

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
**Славјанка Петровска**

Копија доставена до (за информирање) :
- Кабинет на министерката
- Сектор за финансии
- Сектор за внатрешна ревизија

**Прилог број 3**

## Одговор на забелешки на
## Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Министерство за одбрана, за сметката на основен буџет (637) број 14-4015/1 од 17.11.2023 година, од Славјанка Петровска, министер за одбрана, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-201/15 од 27.11.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на утврдената состојба во **точка 3.2.7 став 1 алинеја 4,** која се однесува за две спроведени поедноставени отворени постапки со проценета верност над 70 илјади евра, за кои договорниот орган требал да спроведе отворена постапка, **не се прифаќа** од причина што во двете спроведени постапки предметот на набавка се услуги односно тековното одржување на објекти, кои согласно Правилникот за видовите на градежни активности кои се предмет на договорите за јавни набавки за работи[1], не се класифицирани како „работи". Имајќи предвид дека со член 49 и член 50 од Законот за јавните набавки е пропишано дека за набавка на стоки и услуги со проценета верност над 70 илјади евра, договорниот орган треба да спроведе отворена постапка, утврдената состојба од страна на Овластениот државен ревизор останува непроменета.

2. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.8 став 1 алинеја 1,** која се однесува на тоа дека документацијата за утврдување на способноста на подизведувачите за јавната набавка на работи за гасификација на централни котларници со приклучок на гасна мрежа во Петровец и Куманово, содржи електронски потпис од економскиот оператор, но не и од подизведувачите, **се прифаќа,** поради дополнително доставени докази. Имено, доставена е документацијата за утврдување на способноста на подизведувачите, која е потпишана своерачно од страна на одговорните лица на подизведувачите, која состојба соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

[1] Службен весник на Република Северна Македонија број 250/19

*Ревизорски тим:*
1. __________
2. __________
3. __________
4. __________

*Овластен државен ревизор*
__________

3. Забелешката на препораката за утврдената состојба во **точката 3.2.9.** која се однесува на потребата во тендерската документација, во делот на докажување на способноста за вршење на професионална дејност на економските оператори, да се наведе како услов поседување на Лиценца А за изведување на градби, согласно со предметот на набавка, сложеноста и вредноста на набавките односно категоризацијата на објектите, претставува **известување** за преземените мерки по дадената препорака. Имено, Министерството за одбрана информира дека во постапките за јавни набавки за работи кои се спроведуваат во 2023 година, како услов за докажување на способноста за вршење професионална дејност се бара од економските оператори да достават Лиценца А за изведување на градби, што ќе биде предмет на наредна ревизија.

*Ревизорски тим:*
*1.* ____________________
*2.* ____________________
*3.* ____________________
*4.* ____________________

*Овластен државен ревизор*
____________________